

# ДОКУМЕНТ ЗА ПРИБИРАЊЕ ПОНУДИ (RFP)

## за Софтверско решение за човечки ресурси (HR)

## Процес во две Фази

**МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ**
ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.4
1000 Скопје

+389 2 3112 144
contact@makpetrol.com.mk
www.makpetrol.com.mk

## 1. ВОВЕД

Овој документ служи како официјално барање за прибирање понуди (Request for Proposal – RFP) за набавка и за имплементација на HR софтверско решение. Процесот се одвива во две фази за да се обезбеди висококвалитетна, транспарентна и конкурентна селекција.

За да добиете подетални информации во врска со функционалностите на Системот за човечки ресурси, ве молиме обратете се следнава е-пошта: TenderSoftware@makpetrol.com.mk.
По добивањето на информациите и по изготвувањето на понудата, согласно со барањата дефинирани во документот, ве молиме да ја доставите понудата во предвидениот рок на следнава адреса на е-пошта: TenderSoftware@makpetrol.com.mk.

## 2. ОПФАТ И ЦЕЛИ НА ПРОЕКТОТ

Целта е да се набави интегрирано HR-софтверско решение кое ќе овозможи управување со податоците за вработени, плати, отсуства, регрутирање, воведување во работа, обуки, генерирање документи, интеграција со работно време и др.

## 3. ФАЗА 1: ПРЕЛИМИНАРНА ТЕХНИЧКА И КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА

Во оваа фаза понудувачите треба да достават основни технички информации, архитектура, SLA и прелиминарна комерцијална понуда.

### 3.1 Општи информации за понудувачот

- Назив на компанија
- Адреса, матичен број, даночен број
- Лице за контакт
- Искуство во HR-имплементации
- Портфолио на клиенти (минимум 3 релевантни референци)

### 3.2 Техничка понуда – Фаза 1 (Високо ниво)

Понудувачот треба да достави:

#### *3.2.1 Опис на HR решението*

- Архитектура (cloud/on-premise/hybrid)
- Технологија (backend, frontend, база на податоци)
- Модуларна структура
- Клучни функционалности
- Безбедносни стандарди и сертификати (ISO27001, SOC2 итн.)

### *3.2.2 Основна функционална матрица (Задоволува/Делумно/Не)*

Понудувачот треба да означи дали ги поддржува секоја од овие функционалности:

| **Модул** | **Поддржано** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Организациска структура | задоволува/делумно/не | |
| Систематизација на работни места | задоволува/делумно/не | |
| Регрутација и селекција на вработени | задоволува/делумно/не | |
| Обука, развој и евалуација од вработени | задоволува/делумно/не | |
| Персонална администрација | задоволува/делумно/не | |
| Администрација на отсуства - платени и неплатени | задоволува/делумно/не | |
| Прекин на работен однос | задоволува/делумно/не | |
| Калкулација на плати | задоволува/делумно/не | |
| Сменско работење и Интеграција со работно време | задоволува/делумно/не | |
| Безбедност и здравје при работа | задоволува/делумно/не | |
| Осигурување на вработени | задоволува/делумно/не | |
| Performance management | задоволува/делумно/не | |
| Мобилна апликација | задоволува/делумно/не | |

### *3.2.3 Интеграции*

- ERP/финансии
- Активен директориум / SSO
- Систем за работно време
- HR PowerBI Datawarehouse Model – модел за генерирање Dashboards и извештаи

### *3.2.4 SLA и поддршка (основно ниво)*

- Канали за поддршка
- Работно време
- Просечно време на одговор

## 3.3 Комерцијална понуда – Фаза 1 (Прелиминарна)

Понудувачот треба да достави:

### *3.3.1 Естимирана прелиминарна цена за:*

- Лиценци (еднократни/по корисник/годишни)
- Имплементација (часови, фази, ресурси)
- Поддршка и одржување
- Хардвер (доколку има)

### *3.3.2 Рокови за испорака*

- Проценка на времетраење по фази
- Нацрт план на имплементација

# 4. ФАЗА 2: ДЕТАЛНА ТЕХНИЧКА И КОМЕРЦИЈАЛНА ПОНУДА

Во оваа фаза избраните понудувачи треба да достават детални функционални описи, архитектура, интеграции, детален проектен план и финална финансиска понуда.

## 4.1 Детална техничка понуда

### *4.1.1 Детален опис на сите модули*

- Организациска структура
- Систематизација на работни места
- Регрутација и селекција на вработени
- Обука, развој и евалуација од вработени
- Персонална администрација
- Администрација на отсуства - платени и неплатени
- Прекин на работен однос
- Пресметка на плати
- Сменско работење и Интеграција со работно време
- Безбедност и здравје при работа
- Осигурување на вработени
- Performance management

### *4.1.2 Детализирана функционална матрица*

Понудувачот треба да пополни табела со детални функционалности, ниво на поддршка и ограничувања.

### *4.1.3 Архитектура (детално)*

- Техничка инфраструктура
- Податоци, backend, енкрипција
- Disaster recovery
- Backup политика

### *4.1.4 Интеграции – детален план*

- Интеграциски сценарија

### *4.1.5 Проектен план*

- Спринтови и milestones
- Детален временски план
- Активности на клиентот
- Активности на понудувачот

### *4.1.6 SLA – детално*

- Процент на достапност
- KPI за поддршка
- Инцидент менаџмент
- Ескалација

## 4.2 Детална комерцијална понуда

### *4.2.1 Целосна пресметка*

- Единични цени по модул
- Детализирани лиценци (по корисник, по модул)
- Имплементација по активности (UAT, тестови, миграции)
- Цени за интеграции
- Обука (по час/по група)
- Годишно одржување
- Дополнителни услуги

### *4.2.2 Финансиски модел со разложување*

- Опција 1: SaaS
- Опција 2: On-premise
- Опција 3: Хибрид

### *4.2.3 План за плаќање*

- Аванс
- По модул
- По фаза
- Финална исплата

## 5. КРИТЕРИУМИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Евалуацијата се врши според технички критериуми (40%), финансиски критериуми (40%) и според други критериуми (10%)

### 5.1 Технички критериуми (45%)

- Функционалност и комплетност на софтверското решение
- Скалабилност и архитектура на софтверското решение
- Робустност и безбедност на софтверското решение
- Корисничко искуство
- Интеграција со постојни системи
- Можност за приспособување и конфигурација

### 5.2 Финансиски критериуми (45%)

- Цена по модули и вкупна цена
- Годишни трошоци

### 5.3 Останати критериуми (10%)

- План за имплементација и за миграција на податоци
- Релевантни референци за успешно реализирани проекти
- Корисничка поддршка и обука на вработените

## 6. УСЛОВИ И РОКОВИ

Рокови за двете фази, евалуација, покани и финален избор:

- Рок за поднесување на Фаза 1:  27.1.2026
- Рок за евалуација: 06.2.2026
- Покана за Фаза 2: 13.2.2026
- Финален избор: 06.3.2026